Република Македонија
ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
Бр. 02-40/1
08.02.2017 година

# ОДЛУКА
## за надоместок на патни трошоци при користење на сопствено патничко моторно возило и такси превоз за службени потреби

### Член 1

Со оваа Одлука се регулира висината и начинот на исплата на надоместок на патни трошоци на вработените во Државниот управен инспекторат, направени со користење на сопствено патничко моторно возило или такси превоз за службени потреби.

### Член 2

Сопствено моторно возило или такси превоз, вработените во Државниот управен инспекторат, можат да користат за службени потреби само до дестинации за кои не е организиран автобуски или друг линиски превоз.

(I) *Начин на утврдување на висината на надоместокот на патните трошоци*

### Член 3

Висината на исплата на надоместок на патни трошоци од точка два на оваа одлука, направени при користење на сопствено патничко возило за службени потреби ќе се врши на следниот начин:

3.1 За патнички моторни возила кои користат бензин се определува просечна потрошувачка 8 (осум) литри на изминати 100 километри;

Висината на патните трошоци за наведената класа на патнички моторни возила се пресметува на следниот начин:

-Определената просечна потрошувачка (8 литри на 100 километри) се множи со бројот на изминати километри од седиштето на инспекторатот, односно подрачната канцеларија до одредената дестинација и враќање од одредената дестинација до местото на поаѓање. Добиениот износ се дели со сто (100) и се

множи со висината на цената на горивото по литар. Вака добиениот износ се зголемува за 20%, на име амортизација на возилото.

3.2 За патнички моторни возила кои што користат дизел гориво се определува просечна потрошувачка од 6 (шест) литри на изминати 100 километри;

-Определената просечна потрошувачка (6 литри на 100 километри) се множи со бројот на изминати километри до одредената дестинација и враќање од одредената дестинација до местото на поаѓање. Добиениот износ се дели со сто (100) и се множи со висината на цената на горивото по литар. Вака добиениот износ се зголемува за 20%, на име амортизација на возилото.

3.3 За патнички моторни возила кои што користат плин се определува просечна потрошувачка од 10 литри на изминати 100 километри;

-Определената просечна потрошувачка (10 литри на 100 километри) се множи со бројот на изминати километри до одредената дестинација и враќање од одредената дестинација до местото на поаѓање. Добиениот износ се дели со сто и се множи со висината на цената на горивото по литар. Вака добиениот износ се зголемува за 20%, на име амортизација на возилото.

(II) *Начин на исплата на патните трошоци*

## Член 4

(1) За исплата на патните трошоци направени со користење на сопствено возило за службени потреби, вработениот во Државниот управен инспекторат е должен кон барањето за исплата да приложи фискална сметка за купено гориво.

(2) Корисникот на патничко возило е должен во патниот налог да ги наведе должината на изминати километри од седиштето на Државниот управен инспекторат – подрачната канцеларија до определената дестинација и враќање до седиштето на инспекторатот – подрачната канцеларија.

## Член 5

(1) Во случај кога налогодавачот, издал налог за надзор, односно покана за состанок и слично, до сите или до поголем дел од вработените во Државниот управен инспекторат, поради намалување на фискалните импликации, се наложува користење на групен превоз или со едно патничко моторно возило да се превезуваат најмалку две вработени лица.

(2) Управните инспектори кои се упатени да вршат инспекциски надзор до дестинација за која не е обезбеден автобуски-линиски превоз, а немаат сопствено возило, можат да користат такси превоз.

(3) Надоместокот на патните трошоци утврдени во став (1) и (2) на овој член ќе се изврши во согласност со членот 2 и членот 3 на оваа одлука.

Член 6

(4) Надоместокот на патните трошоци направени во сите поединечни случаи кои не се регулирани со оваа одлука, ќе се определи со поединечен акт донесен од директорот на Државниот управен инспекторат.

Член 7

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

07.02.2017
СКОПЈЕ

В.Д ДИРЕКТОР
РОМЕО ДЕРЕБАН